УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

# УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА ЕКОНОМСКИТЕ РЕГИОНАЛНИ СИСТЕМИ: ЕВРОАЗИСКА ПЕРСПЕКТИВА

## VI Меѓународна научна и практична конференција

# УПРАВЛЕНИЕ РАЗВИТИЕМ ЭКОНОМИЧЕСКИХ И РЕГИОНАЛЬНЫХ СИСТЕМ: ЕВРАЗИЙСКАЯ ПЕРСПЕКТИВА

## VI Международная научно-практическая конференция

30-31 мај 2016 година,
Штип, Македонија
30-31 мая, 2016
Штип, Македония

**ИЗДАВА / ИЗДАТЕЛЬ**

Универзитет „Гоце Делчев“, Економски факултет, Штип, Република Македонија
Университет «Гоце Делчев», Экономический факультет, Штип, Македония

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК / РЕДАКТОР**
Проф. д-р Трајко Мицески

**ГЛАВНИ УРЕДНИЦИ / ГЛАВНЫЕ РЕДАКТОРЫ**
Доц. д-р Благица Колева, Доц. д-р Елена Веселинова, доц. д-р Емилија Митева Кацарски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР / РЕДАКЦИЯ**
Проф. д-р Трајко Мицески (Р. Македонија, претседател), Доц. д-р Љупчо Давчев (Р. Македонија), Доц. д-р Елена Веселинова (Р. Македонија), Доц. д-р Марија Гогова Самоников (Р. Македонија), Доц. д-р Тамара Јованов Марјанова (Р. Македонија), Доц. д-р Благица Колева (Р. Македонија), Проф. д-р Александар Гачев (Р. Бугарија), Проф. д-р Јово Атељевиќ (Босна и Херцеговина), Проф. д-р Сузана Стефановиќ (Р. Србија), Проф. д-р Мехмет Билгин (Р. Турција), Проф. д-р Никос Хоурвоулиадес (Р. Грција), Доц. д-р Ольга Яскина (Русија).

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / ОРГАНИЗАЦИОННЫЙ КОМИТЕТ**
Проф. д-р Трајко Мицески, Проф. д-р Ристе Темјановски, Проф. д-р Круме Николовски, Проф. д-р Оливера Ѓоргиева – Трајковска, Проф. д-р Еленица Софијанова, Проф. д-р Јанка Димитрова, Доц. д-р Љупчо Давчев, Доц. д-р Елена Веселинова, Доц. д-р Марија Гогова – Самоников, Доц. д-р Тамара Јованов – Марјанова, Доц. д-р Емилија Митева – Кацарски, Доц. д-р Благица Колева, Доц. д-р Стеван Габер, Доц. д-р Илија Груевски, Доц. д-р Дарко Лазаров, Проф. д-р Роман Власов, Доц. д-р Алена Позаженикова, Проф. д-р Ердоган Ѓунџуполат.

**ЛЕКТУРА / КОРРЕКТУРА**
Даница Гавриловска-Атанасовска
(македонски јазик)
Проф. д-р Костадин Голаков
(русский язык)

**ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ / ТЕХНИЧЕСКИЙ РЕДАКТОР**
Славе Димитров
Благој Михов

**РЕДАКЦИЈА И АДМИНИСТРАЦИЈА / РЕДАКЦИОННЫЙ И АДМИНИСТРАЦИЯ**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Економски факултет
бул. „Крсте Мисирков“ бб
п.фак 201, 2000 Штип, Република Македонија

Университет «Гоце Делчев» - Штип
Экономический факультет
бул. «Крсте Мисирков» бб
п.фак 201, 2000 Штип, Македония

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

33(4+5)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна и практична конференција Управување со развојот
на економските регионални системи (6 ; 2016 ; Штип)
Управување со развојот на економските регионални системи :
Евроазиска перспектива / VI Меѓународна научна и практична
конференција, 30-31 мај, 2016 година, Штип, Македонија = Управление
развитием éкономических и регионалЬных систем : Евроазийская
перспектива / VI Meždunarodnaja naučno-praktičeskaja konferencija, 30-31 maja, 2016, Štip, Makedonija. - Штип :
Универзитет Гоце Делчев = Штип = Университет Гоце Делчева, 2017. - 370 стр. : табели ; 25 cм
Трудови на мак., и рус. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-374-4

I. Международная научно-практическая конференция Управление
развитием éконом ических и регионалЬных систем (6 ; 2016 ; Штип) види
Меѓународна научна и практична конференција Управување со развојот на економските регионални системи (6 ; 2016 ; Штип)
а) Економија - Развој - Европа - Азија - Собири
COBISS.MK-ID 102620938

«Высшая бизнес-школа» Омского государственного педагогического университета (Россия, Омск)

Университет им. Гоце Делчева (Македония, Штип)

**"Higher Business School" OmSPU, Russia, Omsk**

**"Goce Delcev" University, Macedonia, Stip**

Управление развитием экономических и региональных систем: Евразийская перспектива

**Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective**

VI Международная научно-практическая конференция

**VI International scientific and practical conference**

30-31 мая, 2016

Штип, Македония

**30-31 May, 2016**

**Stip, Macedonia**

"Goce Delcev" University, 2016

"Higher Business School" OmSPU, Russia, Omsk

"Goce Delcev" University, Macedonia, Stip

VI International scientific and practical conference

**Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective**

30-31 May, 2016 Stip, Macedonia

"Высшая бизнес-школа" Омского государственного педагогического университета (Россия, Омск)

Университет им. Гоце Делчева (Македония, Штип)

VI Международная научно-практическая конференция

**Управление развитием экономических и региональных систем: Евразийская перспектива**

30-31 мая, 2016 Штип, Македония

„Висока бизнис школа" Омск Државен педагошки универзитет (Русија, Омск)

Универзитет „Гоце Делчев" (Македонија, Штип)

VI Меѓународна научна и практична конференција

**Управување на развојот на економските и регионалните системи: евроазиски изгледи**

30-31 мај 2016 година, Штип, Македонија

Copyright © 2016

**СОДРЖИНА**

**Р.Г. Власов**
**ЕВРАЗИЙСКОЕ ЭКОНОМИЧЕСКОЕ ПРОСТРАНСТВО: УПРАВЛЕНИЕ РЕГИОНАЛЬНО-ЭКОНОМИЧЕСКИМИ СИСТЕМАМИ, ГЕОЭКОНОМИЧЕСКИЕ ВЫЗОВЫ, МОДЕЛИРОВАНИЕ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ ……………………………………………12**

**Ю.Л. Муравьев**
**ГОСУДАРСТВЕННАЯ ПРОМЫШЛЕННАЯ ПОЛИТИКА КАК ОСНОВНОЕ УСЛОВИЕ ПРЕОДОЛЕНИЯ ЭКОНОМИЧЕСКОГО КРИЗИСА В РОССИИ……………........... 28**

**М.Л.Калужский**
**ГОРИЗОНТЫ РОССИЙСКО-МАКЕДОНСКИХ ЭКОНОМИЧЕСКИХ СВЯЗЕЙ В СЕТЕВОЙ ЭКОНОМИКЕ…………………………………...…35**

**Ю.В.Крупенич,Н.Ю.Симонова**
**ТЕОРЕТИЧЕСКИЕ АСПЕКТЫ ИСПОЛЬЗОВАНИЯ ГОСУДАРСТВЕННО-ЧАСТНОГО ПАРТНЕРСТВА В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ………….……..............……43**

**А.А. Сапунков**
**ПРЕПЯТСТВИЯ РАЗВИТИЮ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В РОССИИ (ОПЫТ СУДЕБНОЙ РЕФОРМЫ II–ОЙ ПОЛОВИНЫ XIX ВЕКА, КАК ПРИМЕР ПРЕОДОЛЕНИЯ ИНСТИТУЦИОНАЛЬНОЙ ОТСТАЛОСТИ)……………..…………..49**

**Ю.С. Попова**
**АНАЛИЗ КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ РОССИЙСКИХ БАНКОВ НА РЫНКЕ КРЕДИТОВАНИЯ КРЕДИТНЫМИ КАРТАМИ ………………..........……55**

**T.Miceski, E.Veselinova**
**СИГНАЛИЗИРАЊЕТО НА НАТАЛИТЕТОТ И ОЧЕКУВАНОТО ТРАЕЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА ЗА КРЕИРАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ……………............……60**

**Riste Temjanovski**
**TRANSPORT INFRASTRUCTURE AND NEW GEO-ECONOMIC AND GEOPOLITICS CONTOURS: LINKS OR GAPS………………......……71**

**А.А. Желомко**
**МЕДИАЦИЯ В КОНФРОНТАЦИОННОМ МЕНЕДЖМЕНТЕ И РАЗВИТИЕ МЕДИАЦИОННОЙ КОМПЕТЕНТНОСТИ УПРАВЛЕНЦА……………..............…80**

**О.А. Яскина, Н.С. Сосименко,Е.Н. Арбузова**
**ИННОВАЦИОННАЯ МОДЕЛЬ СИСТЕМЫ ПОДГОТОВКИ КАДРОВ ДЛЯ УПРАВЛЕНИЯ РАЗВИТИЕМ БИЗНЕСА НА ПРИМЕРЕ ВЫСШЕЙ БИЗНЕС-ШКОЛЫ ОМГПУ…………………………….................84**

**Е.Д. Ветчинкина, Р.Г. Власов**
**СТРАТЕГИЧЕСКОЕ УПРАВЛЕНИЕ ОБУЧЕНИЕМ И РАЗВИТИЕМ ПЕРСОНАЛА НА ПРЕДПРИЯТИЯХ ОБОРОННО-ПРОМЫШЛЕННОГО КОМПЛЕКСА………………………..................89**

**М.Н.Гребенщикова**
**МОТИВАЦИОННАЯ СРЕДА КАК УСЛОВИЕ РАЗВИТИЯ ПРОФЕССИОНАЛЬНОЙ АКТИВНОСТИ ПЕДАГОГОВ……………………………………….......95**

**Ю. П. Денисов**
**ИМИДЖ СОВРЕМЕННОГО ВУЗА В КИБЕРПРОСТРАНСТВЕ КАК ФАКТОР КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ……………………………………………………......103**

**А.Г. Гусев, А.А.Желомко**
**ПРОБЛЕМЫ ОЦЕНКИ ПЕРСОНАЛА В НОВЫХ ЭКОНОМИЧЕСКИХ УСЛОВИЯХ РОССИИ……………………………………………………………………….....109**

**А.А Димитрюк**
**К ВОПРОСУ О СТРАТЕГИЧЕСКОМ УПРАВЛЕНИИ ЧЕЛОВЕЧЕСКИМИ РЕСУРСАМИ ПРЕДПРИЯТИЯ……………………………………………....114**

**Д.Н.Исаенко**
**МОТИВАЦИЯ СОТРУДНИКОВ CALL-ЦЕНТРА ПАО «РОСТЕЛЕКОМ»……………………........118**

**Л.П. Берестовская**
**ОСНОВНЫЕ НАПРАВЛЕНИЯ И ФОРМЫ СТРАТЕГИЧЕСКОГО УПРАВЛЕНИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫМ КОМПЛЕКСОМ МАЛОГО ГОРОДА ЕВРАЗИЙСКОГО ПРОСТРАНСТВА ……………………………………………………..123**

**О.А. Яскина**
**ИММАНЕНТНОСТЬ БИЗНЕС-ОБРАЗОВАНИЯ НА ЕВРАЗИЙСКОМ ПРОСТРАНСТВЕ КАК ГЛОБАЛЬНАЯ ПАРАДИГМА КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ НАЦИОНАЛЬНОЙ ЭКОНОМИЧЕСКОЙ МОДЕЛИ………...127**

**Elenica Sofijanova, Tamara Jovanov Marjanova, Davcev, Ljupco**
**COMMITMENT AND POLICY TO QUALITY………………………………………………………...131**

**D. Lazarov, M. Kocovski, N. Stojkovic**
**ПРЕМОСТУВАЊЕ НА ЈАЗОТ ПОМЕЃУ ИНДУСТРИЈАТА И АКАДЕМИЈАТА: КОНЦЕПТУАЛНА АНАЛИЗА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА………………………………………………........136**

**А.В. Посаженникова**
**ИНСТИТУТЫ РЕГИОНАЛЬНОГО РАЗВИТИЯ – ЭКОНОМИЧЕСКАЯ СИСТЕМА ЕВРАЗИЙСКОГО ПРОСТРАНСТВА КАК ИМПУЛЬС НЕО-ИНДУСТРИАЛИЗАЦИИ……………………………………………………………………………...143**

**Ю.В. Куприянов**
**МЕТОДЫ СОВЕРШЕНСТВОВАНИЯ ПЛАНИРОВАНИЯ ПРОИЗВОДСТВЕННОЙ БИЗНЕС-СИСТЕМЫ………………………………………………………………………………..150**

**Н.Ю.Симонова**
**ОСНОВНЫЕ ПРОБЛЕМЫ И ПУТИ РАЗВИТИЯ МАЛОГО ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В СУБЪЕКТАХ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ…………………...160**

**М.А. Драчук**
**СИСТЕМА ЛОКАЛЬНЫХ НОРМАТИВНЫХ АКТОВ: ВОЗМОЖНОСТИ РАБОТОДАТЕЛЯ И ТРЕБОВАНИЯ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА……………………………………….166**

**А.В. Шастин, А.В. Посаженникова**
**ИНСТИТУТЫ РАЗВИТИЯ В УСЛОВИЯХ ДОГОНЯЮЩЕЙ ЭКОНОМИКИ……………………...170**

**В.В. Проскурин, V.V. Proskurin**
**МЕТОДИЧЕСКИЕ ИНСТРУМЕНТЫ УПРАВЛЕНЧЕСКОГО КОНСУЛЬТИРОВАНИЯ……………………………………………………………………………..175**

**А.Н. Романова**
**СТРАТЕГИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ И ЕГО ПРИНЦИПЫ …………………………………….........177**

**А.В.Биньковская, Е.В. Иванова**
**ГОСУДАРСТВЕННО-ЧАСТНОЕ ПАРТНЕРСТВО КАК ФОРМА ВЗАИМОДЕЙСТВИЯ БИЗНЕСА И ВЛАСТИ В РЕГИОНЕ…………………………………………..182**

**Г.Н. Галаганова, Е.В. Иванова**
**СТРАТЕГИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ В СОВРЕМЕННОЙ ОРГАНИЗАЦИИ…………………….....187**

**О.Н.Горбунова, Р.Г. Власов**
**МЕТОДИКА ФОРМИРОВАНИЯ ПРОГРАММ РАЗВИТИЯ МУНИЦИПАЛЬНЫХ УЧРЕЖДЕНИЙ НА СОВРЕМЕННОМ ЭТАПЕ…………………………………………………...194**

**С.Ю. Гуща**
**ТЕОРЕТИЧЕСКИЕ АСПЕКТЫ ИНДУСТРИИ EVENT-МАРКЕТИНГА…………………………..198**

**Н.Н. Каштанов**
**РАЗРАБОТКА МЕТОДИКИ РЕЙТИНГОВОЙ ОЦЕНКИ РЕГИОНАЛЬНОГО РЫНКА ТУРИСТСКИХ УСЛУГ (НА ПРИМЕРЕ ОМСКОЙ ОБЛАСТИ)………………………….202**

**Н.Н. Каштанов, Ю.Л. Муравьев**
**ОСОБЕННОСТИ РИСКОВ В СФЕРЕ ТУРИСТСКИХ УСЛУГ……………………………………...208**

**В. В. Лазуткин**
**ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ СОЦИАЛЬНОГО ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСТВА В СОВРЕМЕННОЙ РОССИИ………………………………………………………………………......212**

**Т.В. Лалетина**
**ПРИЕМЫ НЕЙРОЛИНГВИСТИЧЕСКОГО ПРОГРАММИРОВАНИЯ В РЕКЛАМЕ…………...216**

**К. Р. Магомадова**
**МЕТОДИКА ВЫБОРА СТРАТЕГИИ АНТИКРИЗИСНОГО УПРАВЛЕНИЯ ПРЕДПРИЯТИЯ……………………………………………………………........220**

**А. С. Селезнева**
**ИСКУССТВО УПРАВЛЕНИЯ И ЕГО ВОЗДЕЙСТВИЕ НА СОЦИАЛЬНЫЙ ОБЪЕКТ………...226**

**Д.С.Толеубаева,Т.Ю. Волгина**
**КЛЮЧЕВЫЕ ФАКТОРЫ КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТИ ЭКОНОМИКИ ЗНАНИЙ ……......230**

**И.А. Хмелев**
**ВОССТАНОВЛЕНИЕ АВТОМОБИЛЬНЫХ ЗАПЧАСТЕЙ, И РЕЭКПОРТ НЕЛИКВИДНОЙ ПРОДУКЦИИ КАК ЭФФЕКТИВНЫЙ СПОСОБ ПОВЫШЕНИЯ УСТОЙЧИВОСТИ РАЗВИТИЯ ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСКОЙ СТРУКТУРЫ НА АВТОМОБИЛЬНОМ РЫНКЕ УСЛУГ АВТОСЕРВИСА…………………………………………......234**

**А.О. Дашковская**
**ОСОБЕННОСТИ КЛАССИФИКАЦИИ КРЕДИТОВАНИЯ ФИЗИЧЕСКИХ ЛИЦ КОММЕРЧЕСКИМИ БАНКАМИ………………………………………………………………......238**

**А.М. Курманова, Н.Ю. Симонова**
**РАЗВИТИЕ РЫНКА МИКРОФИНАНСОВЫХ УСЛУГ ……………………………………......242**

**А.С. Суворова, Н.Ю.Симонова**
**АНАЛИЗ ФИНАНСОВОЙ УСТОЙЧИВОСТИ ПРЕДПРИЯТИЯ………………………………… 246**

**А.А. Брычкова, Р.Г. Власов**
**УПРАВЛЕНИЕ И ОРГАНИЗАЦИЯ ПРОЦЕССОВ ОБЕСПЕЧЕНИЯ ФИНАНСОВОЙ УСТОЙЧИВОСТИ ПРОИЗВОДСТВЕННО-КОММЕРЧЕСКОГО ПРЕДПРИЯТИЯ В КРИЗИСНОЙ СИТУАЦИИ НА ПРИМЕРЕ ООО «СибЭК»…………………………………………250**

**А.В. Семенов**
**МОДЕЛИ ПРИНЯТИЯ УПРАВЛЕНЧЕСКИХ РЕШЕНИЙ ДЛЯ РАЗВИТИЯ БИЗНЕСА, ПОИСК ОПТИМАЛЬНОЙ МОДЕЛИ…………………………………………………254**

**В.Н. Зарубина, Р.Г. Власов**
**АНАЛИЗ РАЗВИТИЯ РЫНКА КРЕДИТНЫХ КАРТ НА ПРИМЕРЕ КРУПНЫХ БАНКОВ. ПЕРСПЕКТИВЫ РАЗВИТИЯ РЫНКА КРЕДИТНЫХ КАРТ В РОССИИ…………..259**

**Т.В. Игнатьева**
**СТРАТЕГИЯ РАЗВИТИЯ БИЗНЕСА НА ПРИМЕРЕ ОТРАСЛЕВОЙ ДИВЕРСИФИКАЦИИ АКЦИОНЕРНОГО ОБЩЕСТВА «ОСНОВА ХОЛДИНГ»…………………………………………..265**

**Е.М. Кузнецова**
**КОММУНИКАТИВНЫЕ ОСОБЕННОСТИ ВИРТУАЛЬНОЙ БИЗНЕС-СРЕДЫ РОССИЙСКОГО РЫНКА……………………………………………………………………………..270**

**А.И. Никитина**
**ТЕХНОЛОГИИ И ИНСТРУМЕНТЫ МОДЕЛИРОВАНИЯ КОММУНИКАЦИЙ СРЕДЫ РАЗВИТИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОГО ЦЕНТРА С ВНЕШНЕЙ СРЕДОЙ В СИСТЕМЕ УПРАВЛЕНИЯ КАЧЕСТВОМ……………………………………………………………274**

**Н.В. Лисникова**
**МЕХАНИЗМЫ ФОРМИРОВАНИЯ СТРАТЕГИИ РАЗВИТИЯ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОГО ЦЕНТРА ЧЕРЕЗ ТЕХНОЛОГИИ УПРАВЛЕНИЯ ИЗМЕНЕНИЯМИ, ГЕНЕРИРУЕМЫМИ СИСТЕМОЙ ОТРАСЛЕВОГО ГОСУДАРСТВЕННОГО РЕГУЛИРОВАНИЯ…………….......280**

**С.Ю. Зяблова**
**СТРАТЕГИЯ УПРАВЛЕНИЯ ВНУТРЕННЕЙ СРЕДОЙ ОБРАЗОВАТЕЛЬНОЙ ОРГАНИЗАЦИИ В УСЛОВИЯХ ИНСТИТУЦИОНАЛЬНЫХ ИЗМЕНЕНИЙ…………………...284**

**А.В. Шастин**
**ИСПОЛЬЗОВАНИЕ МЕТОДОВ ПРОЕКТНОГО УПРАВЛЕНИЯ В АГРОПРОМЫШЛЕННЫХ КЛАСТЕРАХ……………………………………………………………..289**

**Emilija Miteva-Kacarski**
**ANALYSIS OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND RUSSIA………………………………………………………………………........298**

**E. Veselinova, M. Gogova Samonikov**
**СТРАТЕГИСКИ ФАКТОРИ НА КАПИТАЛОТ НА БРЕНДОТ…………………………….....306**

**O. Gjorgieva-Trajkovska, B. Koleva, V. Georgieva Svrtinov**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ СМЕТКОВОДСТВОТО ……………………..314**

**B. Koleva, O. Gjorgieva-Trajkovska, V. GeorgievaSvrtinov**
**ПРЕДИЗВИЦИ НА МЕНАЏЕРСКОТО СМЕТКОВОДСТВО ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ……………………………………………………………………………..318**

**J. Dimitrova**
**ПРИДОНЕСОТ НА РЕВИЗИЈАТА И РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ КОН ПОДИГАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И КОН ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ………………………….324**

**M.Gogova Samonikov, E. Veselinova**
**МЕНАЏИРАЊЕТО СО Е-ФИНАНСИИТЕ КАКО ПРЕДИЗВИК ПРЕД МАКЕДОНСКАТА И РУСКАТА ЕКОНОМИЈА……………………………………………………...332**

**K. Fotova Cikovik ,R. Fotov**
**ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ КАПИТАЛ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР: АРГУМЕНТИ ЗА И ПРОТИВ……………………………………………………………………...338**

**I. Gruevski, S. Gaber**
**ДАНОЧНИТЕ ТРЕТМАНИ НА ПРИВАТНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ……………………….349**

**V. Vasileva, O. Gjorgieva-Trajkovska**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ КРЕДИТНИОТ РИЗИК ………………………359**

**Даница Стојановска**
**КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ МАЛ БИЗНИС СПОРЕДБЕНО СО МАЛИОТ БИЗНИС ВО МАКЕДОНИЈА……………………364**

**УДК: 656(100)**
**Prof. Riste Temjanovski, Ph.D**
Faculty of Economics, University "Goce Delcev" - Shtip
riste.temjanovski@ugd.edu.mk

## TRANSPORT INFRASTRUCTURE AND NEW GEO-ECONOMIC AND GEOPOLITICS CONTOURS: LINKS OR GAPS

Transport infrastructure is backbone and vital artery to the well-functioning of economic activities and a key element to interconnecting business to worldwide markets. The economic benefits of transport infrastructure investment are long-term competitiveness, productivity, innovation, lower prices and higher incomes, crucially to economic prosperity. Without question, transportation facility is on the rise in actual policy of any society, especially today in era of globalization. Any economy in national and regional level, must developing interest in revitalizing their transportation systems and to keep up with global challenges.

Although transport infrastructure and the economic activities is widely associated with the economic entities on the one side, but on the other side geopolitical conditions indicate something quite the opposite, which is completely incomprehensible to the basic tenets of global processes. In this case, although the tendency to build new transport corridors, the world cope with new gaps to disable the free flow of people, goods, services, capital and information, contrary to the doctrine of the global order. The rise of regional blocs and regulations, increased border controls and trade barriers between "countries members" or "candidate countries", immigration and refugee streaming as well as the menace of the terrorist attacks are real signs of the insurmountable gap between countries.

In addition, and the main question in this paper is: Does the transport infrastructure can improve link between the gaps and geopolitics differences? How long western governments, institutions in the developed countries for their own needs and policies will conspire free global flow, but with the administrative and institutional obstacles in the trade policies, indicates exactly the opposite?

**Key words:** *transport infrastructure, geopolitics, prosperity, gap, globalization.*

## ТРАНСПОРТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И НОВИТЕ ГЕОЕКОНОМСКИ И ГЕОПОЛИТИЧКИ КОНТУРИ: КОМУНИКАЦИИ ИЛИ ПРЕКИНИ

Транспортната инфраструктура е 'рбетниот столб и основна артерија за добро функционирање на економските активности и клучен елемент за меѓусебно поврзување на бизнис пазарите ширум светот. Економските придобивки од инвестициите во транспортната инфраструктура се долгорочна конкурентност, продуктивност, иновации, пониски цени и повисоки приходи, кои се од клучно значење за економскиот просперитет на секое општество. Несомнено, транспортните погодности се во пораст во актуелната политика на секое општество, особено денес во ерата на глобализацијата. Секоја економија на национално и регионално ниво мора да го развива интересот во ревитализација на своите транспортни системи и да биде во чекор со глобалните предизвици.

Иако транспортната инфраструктура и економските активности се широко меѓесебно поврзани со економските субјекти, од една страна, но од друга страна геополитичките услови укажуваат на нешто сосема спротивното, што е сосема неразбирливо за основните постулати на глобалните процеси. Иако тенденцијата е изградба на нови транспортни коридори, светот се соочува со нови препреки кои го оневозможуваат слободниот проток на луѓе, стоки, услуги, капитал и информации, спротивно на доктрината на глобален поредок. Подемот на регионални блокови и регулативи, зголемување на граничните контроли и трговските бариери меѓу „земјите членки“ или „земји кандидатки“, имиграција и протекот на бегалци, како и заканата од терористички напади се вистински знаци на непремостлив јаз меѓу земјите.

Главното прашање во овој труд е: дали транспортната инфраструктура може да ги подобри врските на настанатите прекини во геополитичките спротивности? Колку долго западните влади, институции во развиените земји за своите потреби и политики ќе заговараат слободен глобален проток, но со административните и институционалните пречки во трговската политика укажуваат токму на спротивното?

**Клучни зборови:** *транспорт, инфраструктура, геополитика, просперитет, пречки (јаз), глобализацијата.*

**Глобализацијата и геоекономските и геополитичките процеси во светот**

Глобализацијата како динамичен процес на развојот и унапредување на цивилизациските вредности претставува природна закономерност и таа ниту може и не смее да се ограничува. Глобализацијата се пресликува преку сè поголемата меѓузависност на националните економии со светското стопанство и сè поголемата меѓузависност на секоја национална наука со светските достигнувања. Земјите меѓусебно се поврзани во мултинационална мрежа на економски, научни, технолошки, социјални и политички врски. Достигнувањата во информатичката технологија овозможуваат совладување на географските простори, брз протек на стока, капитал и луѓе и наметнување на нови технолошки стандарди и вредности. Промените кои се случуваат не се поврзани ни за една специфична точка на планетата, но ја погодуваат и се рефлектираат на секоја точка поединечно. Живееме, значи, во свет на големи промени, промени кои влијаат на сè она што го работиме и го исполнуваме нашето секојдневие.

Терминот „глобализација“ Ентони Гиденс (Anthony Giddens) доста сликовито го претставува на следниот начин: пристигнал од никаде, а сепак станува клучна тема во сите современи економски, политички случувања и дебати. Но дилемата која се истакнува како клучна во расправите и разгледувањето на феноменот на глобализација гласи: дали глобализацијата доведува до зголемување на нееднаквоста на државите во целиот свет или, спротивно на тоа, таа придонесува кон намалување на нееднаквоста меѓу државите и нивниот економски развој.[1,p.1]

Секако дека глобализацијата како своевиден актуелен процес кој овозможува слободно движење на луѓе, стока, услуги, капитал и информации, глобалните настани, со сите атрибути, позитивни и негативни, оставаат своевид печат на европската, балканската, а со тоа и на македонската економска, политичка, културна и демографска состојба. Правилата на „глобалниот натпревар“ се јасни и decidни, сурови и непредвидливи. Сите кои не се во состојба да одговорат на предизвиците и барањата на меѓународниот пазар и „големиот свет“ остануваат на маргините на развојот како попатни „жртви на глобализацијата“. Нема да имаме многу корист од анализата која ќе утврди дали глобализацијата е неправедна, експлотаторска или наменета кон понатамошно истребување на најсиромашните делови на светот [2,p.12]. Но, ако на едната страна се дебатира за глобализацијата како посакуван и корисен чин за иднината на земјата, на другата страна се наоѓаат и одредени критичари кои сметаат дека глобалните процеси само ја продлабочуваат нееднаквоста и доведуваат до своевидно периферизирање и економска заостанатост на голем број земји (меѓу кои и Р.Македонија) со останатиот дел на развиениот свет. Во вакви новонастанати глобални и динамични услови на функционирање на економските, политичките, културните процеси, секоја форма на неприфаќање или не следење на ваквите современи актуелности значат и изолација на поединецот, компанијата, државата. Потребата младиот човек и во „земјите кои се во фаза на будење“ да ги доживее цивилизациските достигнувања сега и веднаш, но и на начин како своите врсници во САД, или некоја друга држава од западноевропските земји, создадоа желба и мотив голем број млади луѓе да преземат своевидна акција и задоволството да го бараат во некој друг дел на нашата планета, благодарение на глобалните процеси за мобилност на поединците, но и на компаниите.

Светскиот систем кој се шири преку здивот на современата технологија оформил широк простор на дејствување: трансформирани компании, транснационални компании кои поседуваат значајна моќ во информатичката технологија, контрола врз пазарот и проширен јаз меѓу развиените земји и земјите во развој. Не е доволно само да се критикува процесот на глобализација како еден непосакуван процес, иако е јасно дека глобализацијата остава „скршени луѓе”, семејства, заедници уште во процесот на нивното „будење”.[3,p.78] Иако хуманоста ги поседува најсовршените технолошки достигнувања, сепак, не успеала преку своите механизми да обезбеди доволно контрола врз протекот на капитал ширум светот.

Одржливиот развој се чини останува осамен во процесот на израмнување на грубите социјални и просторно развојни облици, предизвикани од неконтролираното натпреварување меѓу земјите во светот.

**Транспортната политика и геоекономските и геополитички процеси во Европа**

Транспортната инфраструктура е главната артерија кој го опслужува европскиот стопански организам, овозможувајќи негово функционирање и развој. Воспоставувањето на заедничката транспортна мрежа претставува императив во креирањето заеднички економски пазар. Многубројните научни и стручни проценки кои биле направени укажале дека заедничкиот економски пазар не е самостојно способен да обезбеди мобилност во различните региони на ЕУ. Граѓаните во ЕУ и зголемениот промет не можеле да се развиваат во рамките на националните транспортни системи како оние во минатото. Од тие причини ЕУ направила голем чекор и своите активности ги насочила кон планирањето и креирањето на заедничка инфраструктурна програма на полето на транспортот, позната како трансевропска транспортна мрежа.

Со развивање на идејата за формирање на трансевропска транспортна мрежа, една од главните цели на ЕУ било проширувањето на транспортната мрежа кон исток и југ, со цел да се овозможи интегрирање не само со транспортни мрежи на земјите од источниот и јужниот дел на европскиот континент, туку и со нивните економии. „*Ништо не ја симболизира или не ја поттикнува интеграцијата во Европа, подобро од воспоставените физички врски во транспортните системи и ништо не е позначајно за развојот на земјите апликанти од постигнување на ефикасна инфраструктура*". [4] Оваа идеја била презентирана пред членките на ЕУ и можноста за соработка со трети земји и промовирање на транспортните инфраструктурни проекти од заемен интерес.

Воспоставувањето на трансевропската транспортна мрежа претставува база, почеток во реализацијата на практичната иницијатива во европската интеграција. *„Единствениот пазар во ЕУ ќе репродуцира позитивни ефекти на благосостојба за граѓаните и претпријатијата, само ако се темели врз ефектите и воспоставувањето на трансевропската транспортна мрежа".* [5,p.333]

Во спогодбата на Европската Унија воспоставувањето на ТЕТМ предвидувало целосно физичко поврзување на секој дел од Унијата во рамките на нејзините граници. Во политичките процеси ТЕТМ претставувал централен инструмент за планираната интеграција. Визијата во ова инфраструктурно поврзување денес добива глобална димензија: интегрирана мрежа на модерни автопатишта, железници и други инфраструктурни објекти на европскиот континент, кои би се проширувале и кон исток и југ, во контекст на глобалните економски потреби.

Затоа главни прашања кои денес се поставуваат во програмите на европската просторна развојна перспектива се проекцијата, развојот и територијалните ефекти на трансевропската транспортна, енергетска и телекомуникациска мрежа врз територијалниот развој на ЕУ. Во ваквите политики не се запоставува и потребата за подобрување, изградба и хармонизација на трансевропската транспортна мрежа само на земјите членки на ЕУ, туку и на останите земји, како кандидати за влез во ЕУ, но и надвор од границите на Унијата. Ваквите заложби на ЕУ се вградени во политиката на паневропските транспортни коридори, но и во планските активности насочени кон дефинираните четири транспортни региони: Баренцовиот евроарктички регион, регионот на Црноморскиот басен, регионот на Медитеранскиот басен и Јадранско-јонскиот морски басен. Секој од овие просторни региони се карактеризира со специфични карактеристики погодни за економски развој, со што се наметнува потребата за регионална соработка помеѓу земјите од Европа и пошироко, за транспортно поврзување со овие просторни региони преку веќе дефинираните транспортни коридори во заеднички развојни проекти.

Идните транспортни политики ја нагласуваат постојаната потреба од интегриран пристап за подобрување на транспортните врски, развивање на полицентричниот развоен модел и ефикасно и одржливо користење на инфраструктурата. Овој интегриран пристап треба да биде поддржан и во анализата на транспортната и телекомуникациска мрежа. Секоја просторна анализа мора да се фокусира на принципите и територијалната рамнотежа, посебно

во разрешување на проблемите во периферните региони и инфраструктурно подобрување на секундарната мрежа.

**Транспортот и светските трговски текови**

Транспортот како составен дел од сложената сообраќајна инфраструктура претставува физички скелет и ги одредува насоките на комуникацијата на луѓето, производите, тековите на капитал во рамките на државата и надвор од неа. Транспортот во тој контекст има улога на крвоток, определувајќи го општиот систем на размена, а преку тоа и содржината на просторот и општествената организација на човековите активности. Исто така, меѓународната светска размена е најнепосредно поврзана за постоењето на развиени системи на транспортни врски помеѓу најдалечните региони на светското стопанство. Без транспорт големите природни богатства би останале мртов капитал, а производството би се свело на најмала мерка и во само ограничени размери.

Неспорно е дека меѓународната трговија е во постојан пораст. Но отворено се поставува прашањето дали ваквиот пораст е забележителен кај сите земји и каков е односот и билансот на тргување меѓу земјите? Кои земји се најприсутни во извозните активности, а кои се увозно зависни? За да можеме да го разјаниме ова прашање ќе го погледнеме моделот за најактивните трговски региони во светот.

Статистичките податоци на обемот на трговска размена го отсликуваат доминантното учество на неколку високоразвиени индустријализирани земји и групации во светската трговија. Се смета дека во 1965 година, САД, Канада и ЕУ, произвеле 63% од светскиот извоз.[6,p.11-17] Денес, ако кон овие земји го додадеме и извозот на Кина, Русија, Австралија, Јапонија и Нов Зеланд, се проценува дека индустриските земји учествуваат со 70% од светскиот извоз.

Овие земји не само што предничат во учеството на извозот, туку се јавуваат и како најголеми увозници на стока и услуги. Според податоците на географската дистрибуција на трговската размена, високоразвиените земји, особено земјите во групацијата Г7/Г8 претставуваат примарни пазари за извоз на стока од целиот свет.

Табела 1. Учество во увозот и извозот на стоки помеѓу четирите водечки трговски сили во светот САД, ЕУ, Јапонија и БРИКС (2004-2014 година) вредност во ***млрд (ЕУР)***

| | 2005 | | 2008 | | 2010 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Увоз | Извоз | Увоз | Извоз | Увоз | Извоз | Увоз | Извоз |
| **САД** | 1,392,595 | 726,934 | 1,472,659 | 883,955 | 1,484,588 | 963,635 | 1,767,169 | 1,219,784 |
| **ЕУ-28** | 1,183,909 | 1,049,477 | 1,585,231 | 1,309,147 | 1,529,387 | 1,353,196 | 1,691,880 | 1,703,019 |
| **Јапонија** | 414,340 | 478,173 | 518,487 | 531,716 | 523,536 | 580,654 | 611,372 | 519,535 |
| **БРИКС** | 769,031 | 963,200 | 1,196,243 | 1,475,496 | 1,510,647 | 1,702,851 | 2,037,632 | 2,391,976 |

Во 2014 година САД остануваат најголем самостоен учесник во светската трговија со вкупен износ на трговска размена (увоз и извоз) од 2.986,953 млрд американски долари, со остварен трговски дефицит од 550 млрд американски долари. Јапонија, истата година, остварува дефицит од 91,8 млрд. долари, со вкупен извоз и увоз од 1,130,907 млрд, со што се рангира на четврто место според трговската размена.

Земјите од ЕУ во 2005 година учествувале со 26.1% од светскиот увоз и извоз, во 2010 година со 23,2% во светската трговија, во 2014 година се застапени со 16%, односно споредено со 2005 година забележат намалување од речиси 10% во однос на 2005 година. Европа е најголемиот извозник на готови производи и услуги во светот, а е најголемиот пазар за извоз на околу 80 земји. Меѓу најголемите извозници се следните држави: Германија (20%), Франција (9%), Холандија (13%), Италија (7.5%), Велика Британија (6.2%) и Белгија (8.6%).

Во поглед на националните трговски модели, земјите имаат тенденција за интензивна трговска размена со своите соседи. Ова посебно е изразено во ЕУ, каде што 2/3 од земјите на ЕУ извезуваат во некоја друга земја членка на ЕУ, но и во Северна Америка, каде што САД, Канада и Мексико (регионалната групација НАФТА влијаела во голема мера да се зголеми и интензивира трговската размена меѓу овие три земји), се главни пазари помеѓу кои се одвива интензивна трговска размена.[7,стр.114-115]

Последните петнаесетина години е забележливо сè поголемото учеството на стоки од групацијата БРИКС, како производител и извозник. За економиите од оваа групација најголеми пазари претставуваат пазарите на стоки во САД и во ЕУ (ЕУ-28), Јапонија и Јужна Кореја. Во 2014 година на пазарот на ЕУ (ЕУ-28) биле извезени стоки и добра во вредност од 558.4 млрд ЕУР, а увезени 370.9 млрд ЕУР. Следен најголем трговски партнер со кој земјите од групацијата БРИКС остваруваат трговска размена е американскиот пазар, каде што истата 2014 година биле извезени стоки и добра во вредност од 364.2 млрд ЕУР, а увезени 180.8 млрд ЕУР. Но и покрај експанзивната извозна политика што ја има кинеската економија, единствено дефицит во трговската размена остварува со Јапонија. Увозот на стоки од Јапонија изнесувал 146.2 млрд ЕУР, додека извозот достигнува вредност од 140.4 млрд ЕУР.[8][9].

Економската, демографската и развојната сила на овие земји е повеќе од воодушевувачка. Заедно земјите БРИКС опфаќаат 40% од светското население, приближно 30% од површината на земјата и учествуваат во БДП (паритет на куповна моќ) со приближно 25% (во 2000 година учествувале со само 16%).[10,p.XIV] Во поглед на БДП четирите економии (Кина, Индија, Русија и Бразил) се вбројуваат меѓу десетте водечки економии на 2-ро, 4-то, 6-то и 8-мо место и ЈАР на 26. место.

Силниот одбранбен механизам што го поставија овие земји се однесуваше и во поглед на справување со финсиската криза. Во изминатите неколку години, речиси сите развиени земји од западниот свет лошо подготвени ја дочекаа кризата. Владите на останатите земји трошеа премногу буџетски пари, па се справуваа и со големи буџетски дефицити, така што во моментот кога требаше масовно да трошат за да ја стабилизираат економијата, дефицитите достигнаа небесно ниво. За разлика од нив, БРИК економиите, од кои особено се издвојува кинеската економија, ја дочека кризата во сосема различна позиција.




Слика 1. Трговска размена помеѓу четирите водечки трговски сили во светот САД, ЕУ, Јапонија и БРИКС (2004-2014 година) вредност во ***млрд (ЕУР)***
*Извор: Обработени податоци од Eurostat - 2016*

Геополитичките состојби во светот имаат големо влијание врз политиката, обемот и интензитет на трговските врски и кај земјите од групацијата БРИКС. Вредно е да се спомене дека Русија покрај седумте земји САД, Велика Британија, Франција, Јапонија, Германија, Канада, Италија и присутен претставник од Европската Унија се сметаше како дел од групација Г-8. Таа стана членка на Самитот во Денвер во 1997 година, но во 2014 година беше суспедирана од оваа групација поради случувањата во Украина и руската „инволвираност" во настаните на Крим. Земјите од Г-7 на состанокот во Хаг, организиран на иницијатива на американската дипломатија, ја суспендирале Русија од Г-8. Властите од ЕУ-28 и САД спроведоа неколку политички мерки кои се однесуваа за координирани секторски санкции кои имаат за цел силно влијание на руската економија. Ваквите мерки се однесуваа на енергетскиот сектор, банкарскиот сектор и финансиите, со цел да имаат негативно влијание врз руската економија. Но се чини ваквите политички притисоци не ги остварија предвидените цели. Руската економија и понатаму останува важен фактор во светската економија и важен играч во светските геополитички случувања.

Инаку развиените земји се обидуваат во современи геополитички процеси да создадат соодветен економски амбиент за остварување на поволни економски погодности. Се спроведуваат иницијативи за одредени нови партнерства и групации, како што се *Трансатланското партнерство за трговија и инвестиции* (TTIP), кое се однесува меѓу земјите од ЕУ и САД и *Транспацифичко партнерство* (TPP), во кое влегуваат дванаесет земји, но Кина не е дел од ова групација: САД, Јапонија, Малезија, Виетнам, Сингапур, Брунеј, Австралија, Нов Зеланд, Канада, Мексико, Чиле и Перу). На политички план, застапниците на овие договори тврдат дека TTIP и TPP на глобален план ќе ги зацврстат и заштитат добрата и ќе го интензивираат обемот на трговските активности меѓу земјите вклучени во овие партнерства. Но очигледно е дека корист од двата договора ќе имаат САД. Со првиот договор

(TTIP) се очекува формирање на најголемата зона на слободна трговија, со население од 800 милиони луѓе, а ќе се овозможи и смалување на таканаречените нетарифни трговски бариери помеѓу САД и ЕУ. Но очигледни се и обидите за истиснување на руските компании со трговијата на ЕУ и создавање на најмоќна трансепланетарна заедница Пацифик-Атлантик. Сè почести се предупредувања од некои земји членки на ЕУ поради одредени негативности кои би ги имала европската страна. Тука спаѓаат мерките кои американската страна ги пропагира, а како што се мерките на нетранспарентност при отворањето на јавните тендери за европските фирми, што е сосема спротивно на слободната трговија. Во вториот договор (TTP) САД ќе им наметнат поостри прописи во областа на интелектуалната сопственост на останатите земји членки. Таквите правила имаат неизвесен ефект за иновација, а на американските сопственици на патенти и авторски права ќе им овозможат и значителна рента. Се споменуваат и нарушување на правата на потрошувачите и загрозување на животната средина, особено кога на европскиот пазар постојат многу строги критериуми за истите, така што сè уште не се финализирани договорите за ова партнерство и голема неизвесност е кога истото и би се реализирало.

Очигледно е дека со ваквото партнерство ќе се создаде една противтежа на растечката пазарна сила на кинеската економија, или до некаде и соодветна стратегија истата да се разниша или изолира, со оглед дека таа не е вклучена во ова партнерство. Кина се обидува да се спротивстави со една друга иницијатива, како што е RCEP - Regional Comprehensive Economic Partnership - Регионално сеопфатно економско партнерство, во кое свое пристапување имаат најавено Индија, Јапонија, Австралија, Јужна Кореја. Ваквите геополитички процеси би довеле до некоја форма на амортизација или ублажување на последиците и на останатите глобални играчи во беспоштедните договори и регулации во светската трговија.

Геоекономските процеси се третираат како своевидна врска помеѓу економската политика и промена на националната моќ, додека кај геополитичките процеси се споменуваат геополитички последици на економски феномен или економските последици од геополитички трендови и влијанието врз националната моќ. Најсликовито прикажување на геоекономските и геополитичките случувања се претставени во есејот „From Geopolitics to Geo-economics: Logic of Conflict, Grammar of Commerce", од страна на Едвард Лутвак (Edward Luttwak). Тој забележува: се чини дека секој ќе се согласи дека методите во трговијата ги заменија милитаристичките методи - со расположлив капитал наместо со огнено оружје, граѓанските иновации во замена за воено-техничкиот напредок и пазарниот пробив на местото од гарнизоните и воените бази. Државите, како просторни ентитети, љубоморно ги разграничуваат своите територии, се преориентираат кон геоекономските процеси со цел да ги компензираат распаѓањата на нивните геополитички улоги. Геоекономијата како термин најдобро го опишува како своевиден микс од логички конфликти со методи на трговија.[11,p.2-3]

**Заклучок**

Правилата на „глобалниот натпревар" се јасни и децидни. Сите кои не се во состојба да одговорат на предизвиците и барањата на меѓународниот пазар и „големиот свет" остануваат на маргините на развојот како попатни „жртви на глобализацијата". Нема да имаме многу корист од анализата која ќе утврди дали глобализацијата е неправедна, експлотаторска или наменета кон понатамошно истребување на најсиромашните делови на светот.

Современите глобализациски случувања укажуваат дека геоекономските и геополитичките случувања во светот се меѓусебно испреплетени. Во поимното дефинирање на геоекономските и геополитичките процеси се забележува нивната меѓусебна зависност и испреплетеност. Глобализацијата подразбира и меѓузависност и преклопување на националните економии, како би се фузионирале во еден заеднички глобален економски систем. Глобалните правила на игра предизвикаа промена и во начинот на стопанисување, прифаќање на соодветни стандарди и иновации, начин на промовирање на производите и услугите. Соочувањето со вистинската беспоштедна пазарна игра, во денешниот глобален

натпревар претставува неминовен предуслов за опстанок во глобалните економски и политички промени.

**Литература**

1. Pantelić [et all] (2003): Aspekti globalizacije. Beograd: Beogradska otvorena škola, str.1.
2. Prvulović, V. (2001): Ekonomska diplomatija. Grmeč: Privredni pregled, Beograd, 2001. str.12.
3. Jobes C. Patrick: *Globalisation and Regional renewal revisted*. "Australian Journal of Social Issues". Vol. 38(2003). p.78.
4. Kinok N: фрагмент од говорот одржан на конференцијата во Амстердам на тема: „Премостување на јазот во финансирањето на инфраструктурата", 31 март 1998 год. http://europa.eu.int/en/comm/dg07/speech/sp9861.htm
5. Richardson T.: *The Trans-european trasport network: environmenatl policy integration in the European Union*. "European urban and Regional Studies". London: SAGE Publication, Vol. 4 (1997) 4. p. 333.
6. Husted, Stefen, Melvin, Michael : *International Economics.* Boston: Pearson: Addison Wesley, 2007. 11-17.
7. Кикеркова И.(2003): *Меѓународна економија*. Скопје: Економски факултет, 2003. 114-115.
8. European Commission: Information, Communication and Civil Society unit - Trade. Bussels - http://ec.europa.eu/trade/policy/eu-position-in-world-trade/ [23.05.2016]
9. PRC General adiministration of Customs, China's Customs Statistics, http://www.uschina.org/statistics/tradetable.html
10. The BRICS report (2012): A study of Brazil, Russia, India, China and South Africa with special focus on synergies and complementaries. New Delhi: Oxford University Press, 2012. p.XIV
11. Baru S.(2012): Introduction: Understanding Geo-economics and Strategy.In "A New Era of Geo-economics: Assessing the Interplay of Economics and Political Risk". IISS Seminar, 23-25 March, 2012.p.2-3.